Бр./Nr 12-1004/3
22-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-тата седница одржана на 11.06.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2893/1 од 08.11.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка на договорниот орган Министерство за ///, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 12-2893/1 од 08.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 08.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка на договорниот орган /// и оформен е предмет број 12-2893/1 од 08.11.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на постапката за јавна набавка на /// за 2025 година спроведена од страна на Министерството за /// по јавен оглас со број /// по која е склучен договор со избраниот економски оператор /// во вредност од 86,226.752 денари.
Во пријавата подносителот, без да опише околности кои упатуваат на коруптивни дејствија и без да презентира други детали во врска со изнесените наводи, изразил сомневање дека постапката за јавна набавка имала однапред определен исход односно дека договорот за јавната набавка бил склучен по наредба на тогашниот министер за /// ///.
Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Бирото за јавни набавки.
Од увидот во податоците, информациите и документацијата од постапката за јавна набавка по јавниот оглас со број /// на договорниот орган Министерство за

/// до кои беше обезбеден пристап од страна на Бирото за јавни набавки, утврдена е следната фактичка состојба:
Врз основа на Одлука за јавна набавка на /// за 2025 година од /// година, од страна на договорниот орган Министерство за /// на /// година бил објавен јавен оглас со број /// за делива јавна набавка на /// за 2025 година (Дел 1 - ///, Дел 2 - ///), со проценета вредност од 86,000.000 денари без ДДВ, од кои 85.700.000 денари без ДДВ за Дел 1 и 300.000 денари без ДДВ за Дел 2, за доделување на рамковна спогодба за период од една година со спроведување на отворена постапка. За секој од двата дела во рамки на крајниот рок за доставување на понуди била доставена понуда од по еден понудувач. За Дел 1 била доставена понуда од понудувачот /// во износ од 86.226.752 денари без ДДВ, а за Дел 2 – од понудувачот ///, во износ од 255.420 денари без ДДВ.
Комисијата за јавна набавка констатирала дека двата оператора кои доставиле понуди ги исполнуваат условите од техничката спецификација и тендерската документација. Истовремено, Комисијата за јавна набавка утврдила дека понудената цена за Дел 1 е повисока од износот на проценетата вредност на набавката за Дел 1 и утврдила дека постои можност за прераспределба на средства од Дел 2 во Дел 1 во износ од 44.580 денари, како и за дообезбедување на средства, повикувајќи се на член 77 став 5 од Законот за јавните набавки, според кој „доколку во текот на постапката за јавна набавка, најповолната понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов врз основа на спроведена анализа да утврди дека истото е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со овој закон“. За овие околности Комисијата за јавни набавки до помошникот на министерот за /// на /// година доставила Известување, по што на /// година од страна на помошникот на министерот за /// била донесена Одлука за измена на Одлуката за јавна набавка на /// за 2025 година /// година. Според оваа Одлука, за задоволување на потребата - /// за 2025 година, се утврдуваат средства во вкупен износ од 86.482.172,00 денари, без вклучен ДДВ, од кои за Дел 1 – /// 86.226.752,00 денари без вклучен ДДВ, а за Дел 2- /// - 255.420.00 денари без вклучен ДДВ. Според образложението на Министерството за ///, средствата биле обезбедени од контото 425, од каде биле обезбедени и претходно планираните средства. Во однос на спроведената анализа во смисла на членот 77 став 5 од Законот за јавните набавки, Министерството до ДКСК достави соодветно образложение.
Од страна на помошникот на министерот за /// на 10.05.2024 година била донесена Одлука за избор на најповолна понуда на делови од постапка според која за

најповолна понуда во спроведена отворена постапка за јавна набавка по Оглас бр. /// за склучување на рамковна спогодба за јавна набавка на /// за 2025 година, согласно Извештајот од спроведена постапка, за Дел 1 - /// се избира /// со цена во износ од 86.226.752,00 денари без вклучен ДДВ, а за Дел 2 - ///, се избира понудата на понудувачот ///, со цена во износ од 255.420,00 денари без вклучен ДДВ.

По донесена Одлука за избор на најповолна понуда, на ден /// година со двата економски оператора биле потпишани договори за рамковна спогодба, со одредба според која поединечните цени на услугите се дадени во конечната финансиска понуда која е прилог на секој од договорите, склучени за период од една година, со период на важност на /// од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.

Врз основа на член 172 став 3 од Законот за јавните набавки, од страна на Бирото за јавни набавки била извршена управна контрола при која биле разгледани тендерската документација и огласот за јавна набавка при што целосно било разгледано тендерското досие и било разгледано дали договорниот орган од формален аспект ги почитувал одредбите од Поглавје 4 – Спроведување на постапката (член 75-115) од Законот за јавните набавки. По извршената управна контрола во Записник /// од /// година било утврдено дека во постапката не се направени неправилности кои би влијаеле на исходот на постапката за јавна набавка.

Со оглед на утврдената фактичката состојба, и со оглед на тоа дека во пријавата не се содржани околности кои упатуваат на коруптивни дејствија и не се презентирани други детали во врска со изнесените наводи, ДКСК цени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk